Врз основа на член 10 став (14) од Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНИТЕ ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЗДРУЖЕНИЈАТА ЗАРАДИ ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА ОВЛАСТЕНИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат минималните просторни и технички услови како гаранција за непречено обезбедување на примарната правна помош кои треба да ги исполнуваат здруженијата заинтересирани за запишување во Регистарот на здруженија овластени за давање на примарна правна помош.

**Член 2**

(1) Здружението ја обезбедува примарната правна помош во своите службени простории.

(2) Службените простории од став (1) на овој член треба да бидат сместени во индивидуална станбена зграда, во колективна станбена зграда или во деловна зграда и да се состојат од најмалку две работни простории и тоалет кои претставуваат една градежна целина. Вкупната површина на просториите не може да биде помала од 30 м2.

**Член 3**

(1) Просториите на здружението треба да бидат лесно достапни за граѓаните и да бидат обележани со соодветни знаци.

(2) Просториите треба да бидат пристапни за лица со визуелна и физичка попреченост.

(3) Просторијата каде се дава примарната правна помош треба да биде одвоена од другите и да нуди соодветен степен на доверливост при сослушување на заинтересираното лице.

**Член 4**

Просторијата на здружението треба да ги исполнува следниве технички услови:

- да биде опремена со стол наменет за прием на странки, работна маса, телефон и вообичаени канцелариски материјали и
- да има компјутер со пристап на интернет и пристап до електронска дата база со законски текстови и прописи.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број 01-4045/1
26.09.2019 година

Министер за правда,
д-р Рената Дескоска